Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за активностите на Општина Карпош од областа на културата за 2026 година**

1. Се објавува Програма за активностите на Општина Карпош од областа на културата за 2026 година, донесена на 6. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 декември 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-11062/10**
**Датум:29.12.2025 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Сотир Лукровски**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Врз основа на член 22, став 1, точка 5; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), Советот на Општина Карпош на 6. седница, одржана на 26 декември 2025 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за активностите на Општина Карпош од областа на културата за 2026 година

## I. Развојни приоритети и цели

1. Поттикнување на современото творештво во контекст на урбаното живеење.
2. Поддршка на младите и талентирани творци од сите области на уметноста.
3. Создавање услови за развој на креативните индустрии како фактор за економски и социјален развој.
4. Доближување на уметноста и настаните од областа на културата до поголем број на граѓани во општината.
5. Поддршка на самостојните уметници за зачувување на дигнитетот на творецот.
6. Негување на традицијата и културното наслество и нивна популаризација.

## II. Проектниактивности

| | 1. **Карпошово културно лето 2026** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Збогатување на културниот живот на граѓаните од Општина Карпош во текот на летните месеци со учество на артисти од разни културни области. Градоначалникот на Општина Карпош е формира Комисија за избор за учество на оваа манифестација. Оваа комисија е формирана од Градоначалникот од редот на општинската администрација, дава предлог и мислење за избор до градоначалникот. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Програмата на културно лето треба да го изрази културниот и уметничкиот потенцијал на општината. |
| **Очекувани резултати:** | Во програмата ќе бидат застапени познати културни работници од Македонија и пошироко. |
| **Целна група:** | Жителите на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 2.500.000,00 денари |
| **Организатор** | Организатор може да биде: Општина Карпош, а исто така може да бидат физички или правни лица кои ќе се изберат по пат на јавен оглас за организирање на Карпошово културно лето 2026. Исто така комисијата може да покани учесници за кои ќе процени дека одговараат за потребите на овој настан. |
| **Трошоци** | Целокупна организација на настанот, финансиски надомест за учесниците, техничка организација, озвучување, сцена, ЗАМП плаќање за авторски права, реклама и маици. |
| **Овластување** | Советот на Општина Карпош го овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја |

| | |
|---|---|
| | спроведе постапката во сите фази за организација и реализација на Карпошово културно лето 2026. Овластувањето подразбира:<br>- Записник,<br>- Донесување Одлука за јавен оглас,<br>- Објава на јавен оглас,<br>- Одлука за избор,<br>- Решенија за исплата,<br>- Извештај и<br>Донесување и други акти во врска со предметната постапка. |

| | **2. Еднократна парична помош за културни активности на млади уметници** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Доделување на финансиска поддршка на млади лица од Општина Карпош кои се занимават со култура. Истата ќе биде наменета за реализација на разни манифестации и програми кои не се опфатени со оваа програма во висина до 30.000,00 денари ќе се спроведе по пат на јавен оглас. Право на пријавување имаат сите заинтересирани физички лица жители на Општина Карпош, со најмалку 12 години (наполнети или што ќе наполнат во годината кога е објавен јавниот оглас) до 18 години (да немаат наполнето 18 години во текот на целата година кога е објавен јавниот оглас).<br>За таа цел, Градоначалникот на Општина Карпош формира Комисија за еднократна финансиска подршка за културни активности на ученици кои се занимават со културни активности. Оваа еднократна финансиска поддршка за културни активности на млади уметници ќе се доделува еднаш годишно и ќе ја определува Комисијата формирана од Градоначалникот од редот на |

| | |
|---|---|
| | општинската администрација кои ќе дават предлог и мислење за избор до градоначалникот. Сите оние на кои што во 2025 година им се одобрени финансиски средства, а не доставиле финансиски извештај, истите во 2026 година нема да бидат разгледувани и одобрени. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Поддршка, афирмација и стимулирање на младите уметници преку финансиска и логистичка поддршка со цел создавање на силна генерација на нови автори, збогатување на културната понуда и промоциоја на општина Карпош како општина која активно инвестира во младите и нивниот талент. |
| **Очекувани резултати:** | Промовирање и потпомагање на младите уметници од Општина Карпош . |
| **Целна група:** | Сите млади уметници кои се од подрачјето на Општина Карпош со најмалку 12 години (наполнети или што ќе наполнат во годината кога е објавен јавниот оглас) до 18 години (да немаат наполнето 18 години во текот на целата година кога е објавен јавниот оглас). |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 300.000,00 денари |
| **Организатор** | Општина Карпош |
| **Овластување** | Советот на Општина Карпош го овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе постапката во сите фази за организација и реализација .Овластувањето подразбира:<br>- Записник,<br>- Донесување Одлука за јавен оглас, |

| | |
|---|---|
| | - Објава на јавен оглас,<br>- Одлука за избор,<br>- Решенија за исплата,<br>- Извештај и Донесување и други акти во врска со предметната постапка. |

| | **3. Еднократна парична помош за проекти од културата** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Давање финансиска подршка на креативни интересни проекти и активности од културата и истите да бидат промовирани и презентирани во Општина Карпош. Постапката по оглас ќе се спроведе според претходно утврдени услови и критериуми. Јавниот оглас ќе биде отворен до 30.11.2026 година или до исцрпување на предвидените финансиски средства. Проектите на заинтересираните преку архивата се доставуваат до Одделението за култура и спорт, а по истите одлучува Комисија формирана од Градоначалникот од редот на општинската администрација кои даваат предлог и мислење за изборот до градоначалникот. Сите оние на кои што во 2025 година им се одобрени финансиски средства, а не доставиле извештај за активноста и финансиски извештај, истите во 2026 година нема да бидат разгледувани и одобрени. |
| **Стратешки насокии цели:** | Целта на оваaа активност е афирмација, промоција и подршка на културните активности и творештвото на сите оние што се занимаваат со културата од Општина Карпош. |
| **Очекувани резултати:** | Промоција и подршка на културата и нејзините културни дејци, отворање на вратите за запознавање на граѓаните од различни области на култура. |
| **Целна група:** | Жителите и културните дејци од Општина |

| | |
|---|---|
| | Карпош. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 1.400.000,00 денари |
| **Организатор** | Општина Карпош |
| **Овластување** | Советот на Општина Карпош го овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе постапката во сите фази за организација и реализација на Финансиска поддршка за проекти од културата.<br>Овластувањето подразбира:<br>- Записник,<br>- Донесување Одлука за јавен оглас,<br>- Објава на јавен оглас,<br>- Одлука за избор,<br>-Договор и решение за исплата<br>- Извештај и<br>Донесување и други акти во врска со предметната постапка. |

| | |
|---|---|
| | **4.„Мурал или скулптура и графити за секое маало“** |
| **Опис на активности:** | Мурал или јавна скулптура и графити за секое маало, со што ќе се зајакне локалниот идентитет и ќе се разубави просторот. Уметниците кои ќе бидат избрани по пат на јавен конкурс треба да имаа идејно решение за изборот  и мотивот на изведувач. Уметниците ќе бидат избрани по пат на јавен кункурс. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Разубавување на општината и добивање на современ визуелен белег. |

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати:** | Создавање на чувство на заедништво и гордост кај жителите. |
| **Целна група:** | Сите индивидуални и културни дејци во Македонија |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 1.000.000,00 денари |
| **Организатор** | Општина Карпош |
| **Овластување** | Советот на Општина Карпош го овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе постапката во сите фази за организација и реализација .Овластувањето подразбира:<br>- Записник,<br>- Донесување Одлука за јавен оглас,<br>- Објава на јавен оглас,<br>- Одлука за избор,<br>- Решенија за исплата,<br>- Извештај и Донесување и други акти во врска со предметната постапка. |
| **Трошоци** | Целокупна организација на настанот: Надомест за учесниците, техничка организација и се останато што е потребно за реализација на активноста |

| | **5. Филмска недела – Карпош кино на отворено** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Летните вечери во Карпош ќе добијат нова димензија преку проектот „Филмска недела-Карпош кино на отворено“ - кој комбинира редовни проекции под ѕвездите и тематска филмска манифестација посветена на филмската култура.<br>Програмата ќе вклучува разновиден избор: |

| | |
|---|---|
| | класични и современи остварувања, детски анимации, документарни филмови и дела на домашни и регионални автори кои ретко добиваат простор во комерцијалните кино сали. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Целта е филмот да стане достапен до сите генерации, а јавните простори на општината – парковите, скверовите и кејот на Вардар да се претворат во живи сцени за култура и социјализација. |
| **Очекувани резултати:** | Збогатување на културниот живот во општината, афирмација на домашно и регионално филмско творештво, размена на искуства и промоција на општината која ја негува филмската уметност и ја приближува до граѓаните. |
| **Целна група:** | Сите љубители на филмската уметност. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 200.000,00 денари |
| **Организатор** | Општина Карпош |
| **Овластување** | Советот на Општина Карпош го овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе постапката во сите фази за организација и реализација.Овластувањето подразбира:<br>- Записник,<br>- Донесување Одлука за јавен оглас,<br>- Објава на јавен оглас,<br>- Одлука за избор,<br>- Решенија за исплата,<br>- Извештај и Донесување и други акти во врска со предметната постапка. |

| | **6. Паркови со шах маси и културни активности на отворено** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Оштина Карпош ќе постави специјални маси и столчиња со шах табли во парковите и скверовите, кое ќе биде нова културно креативна атракција и ќе преставува едно ново културно обележје за општината, каде граѓаните ќе можат да се дружат, натпреваруваат и да го пренесуваат знаењето на помладите генерации. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Целта е да се зчува и заживее оваа традиција, како симбол на мудрост, трпение и заедништво меѓу генерациите. |
| **Очекувани резултати:** | Шахот како симбол на мудрост, трпение и заедништво да се зачува и оживее како традиција која ќе ги спојува културата и креативноста на граѓаните од сите генерации. |
| **Целна група:** | Сите љубители на шахот и останати граѓани. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 400.000,00 денари |
| **Организатор** | Општина Карпош |

| | **7. Фолклорна вечер за денови на Општина Карпош со ансамбли од општината** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Преставување на сите фолклорни ансамбли од општината со традиционални македонски ора и песни по повод одбележување на јубилеј 50 години од постоење на Општина Карпош |
| **Стратешки насоки и цели:** | Промоција на македонскиот играорен фолклор и македонската музика |
| **Очекувани резултати:** | Промовирање на фолклорот |
| **Целна група:** | Играорни друштва од Општина Карпош |

| | |
|---|---|
| **Предвидена финансиска рамка:** | 200.000,00 денари |
| **Организатор** | Општина Карпош |
| **Трошоци** | Организација на фолклорен концерт, изнајмување простор, озвучување, освежителни напитоци за учесниците, водител. |

**Вкупна предвидена финансиска рамка: 6.000.000,00 денари**

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 6.000.000,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2026 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќе се појават во текот на 2026 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

## IV. Завршни одредби

Секторот/Одделението Дејности од јавен интерес - Одделение за култура и спорт со Секторите за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

**Број: 09-11690/13**
**Датум: 26.12.2025 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Христо Саракинов**